

**Продлабочување на стратешкото партнерство со САД: силна поддршка и нови економски перспективи за Македонија**

Во време кога геополитиката повторно ја диктира економијата, секој сигнал од Вашингтон има тежина.

Објавата на Белата куќа за Заедничка изјава меѓу Соединетите Американски Држави и Република Македонија за „реципрочна, фер и балансирана трговија“ не е само дипломатска формалност. Таа е јасна политичка и економска порака.

По договорот за партнерство со Обединетото Кралство и затворањето на постмониторинг дијалогот со Советот на Европа по цели 26 години, Македонија влегува во нова фаза на меѓународно позиционирање. Фаза во која повеќе не сме предмет на надзор, туку партнер во стратешки договори.

**Рамката предвидува тарифи не повисоки од 15%, а за одредени производи и индустрии и до 0%. Тоа не се само бројки, туку конкретен економски импулс за:**

**-зголемување на извозот на македонски производи,**

**-привлекување нови американски и од други држави  инвестиции, -отворање работни места со повисока додадена вредност.**

Американскиот пазар е еден од најголемите во светот. Пристапот до него под поволни и предвидливи услови значи стабилност за извозниците, но и силен сигнал до глобалните инвеститори дека Македонија е сигурна и сериозна бизнис-дестинација.

Оваа изјава е резултат на континуитет во односите и потврда дека Македонија останува цврсто позиционирана во евроатлантскиот блок.

Стратешкото партнерство со САД не е само безбедносна гаранција, тоа е економска рамка што отвора нови перспективи за развој.

**Поддршката од Вашингтон значи доверба во институциите, во реформскиот капацитет на Владата и во долгорочната стабилност на државата.**

Во регион кој често е изложен на политички турбуленции, ваквата доверба претставува капитал од непроценлива вредност.

Самото објавување на ваков документ од Белата куќа е сигнал дека Македонија се перципира како доверлив и предвидлив партнер.

**Со паралелно продлабочување на односите со Обединетото Кралство, зајакнување на позицијата во рамките на Советот на Европа и новата трговска рамка со САД, Македонија постепено ја гради својата улога како мост меѓу регионот и глобалните пазари.**

Ова е политика на конкретни резултати, nе декларативна дипломатија, туку договори со мерлив ефект. Чекор по чекор, со јасна визија и стабилна поддршка од нашите стратешки сојузници.

Прашањето повеќе не е дали Македонија има меѓународна поддршка. Прашањето е како најдобро ќе ја искористиме, за повисок животен стандард, посилна економија и држава што не е предмет на надзор, туку рамноправен партнер за договор.

Договорот со Соединетите Американски Држави вчера го најави премиерот Христијан Мицкоски, посочувајќи дека 63–64 стратешки производи од Македонија ќе се извезуваат на американскиот пазар со едноцифрена тарифа – од 0 до 6,5 проценти.

Тој преку социјалните мрежи информираше дека објавената Заедничка изјава од Белата куќа е силен сигнал за продлабочување на стратешкото партнерство и отвора пат кон сеопфатен договор со тарифи до 15%, а за одредени производи и до 0%.

Покрај трговијата, договорот носи и енергетска димензија.

Македонија во иднина ќе се снабдува со американски течен природен гас (ЛНГ), по изградбата на новиот гасен интерконектор со Грција.

Со тоа државата ќе ја зајакне енергетската безбедност и ќе ги диверзифицира

изворите на снабдување, намалувајќи ја зависноста од еден пазар.